Институт за демократија
СОЦИЕТАС ЦИВИЛИС ИДСЦС
Бр.0401 - 181 - 1 / 25
20.06.2025
СКОПЈЕ

IDSCS | Институт за демократија
Социетас цивилис - Скопје

*Кон **одговорни** политики*

**Повик за вработување постар/а истражувач/ка – бр. 0401-181-1/25**

Институт за демократија „Социетас Цивилис“ (ИДСЦС), во рамки на својот Центар за европски интеграции, отвара повик за вработување постар/а истражувач/ка со целосно работно време (40 часа неделно) и вклучени придонеси за период од 6 (шест) месеци со можност за продолжување на времетраењето на ангажманот.

Потребни знаења и вештини:

- Тековни или завршени постдипломски студии од областите на општествените науки, како политологија, економија, социологија или право;
- Најмалку 2 (две) години работно искуство во најмалку едно релевантно подрачје, на пр. Европска интеграција, преговарачки процес, регионални иницијати итн.
- Високо ниво на познавања на академско пишување и пишување документи за јавни политики;
- Високо ниво на познавања на квалитативни и квантитативни методи за истражување, и практично искуство;
- Високо ниво на познавања на софтверски алатки за обработка на податоци и визуелизација на податоци, и практично искуство;
- Одлично познавање на Office со посебен акцент на Excel;
- Напредни познавања за развивање проектни апликации, управување со проектен циклус и подготовка на наративни извештаи;
- Одлични вештини за застапување, комуникациски вештини и способност за работа во тим;
- Способност за извршување повеќе задачи истовремено и за испорака во кратки рокови;
- Одлично познавање на англиски јазик.

Работни обврски:

- Развивање истражувачки продукти, проектни апликации и спроведување тековни проекти;
- Редовно обезбедување податоци, анализи и извештаи за потребите на центарот и донаторите;
- Изработување документи за јавни политики;
- Раководење со истражувачки активности;
- Раководење со административни процедури на организацијата
- Редовна и навремена соработка, и комуникација со останатите организациски единици на организацијата

Предност ќе имаат кандидати со високи познавања во теорија и пракса на процесот на пристапување кон ЕУ, процесите на носење политики и добри познавања за застапување политики, како и кандидати кои имаат искуство во раководење со проектен циклус.

Заинтересираните кандидати треба да испратат своја кратка биографија (CV) во ЕУ формат и пропратно писмо на македонски јазик на адресата: contact@idscs.org.mk најдоцна до 6 јули (недела – 23:59ч.) 2025 г. со назнака: ***Апликација за повик со бр. 0401-181-1/25***.

Апликациите пратени по крајниот рок нема да бидат земени предвид. Само претселектираните кандидати ќе бидат контактирани и повикани на тестирање и интервју.

Ул. Мирослав Крлежа бр.52/1
1000 Скопје, Северна Македонија
Тел/Факс: +38923094760
facebook.com/IDSCS
contact@idscs.org.mk
idscs.org.mk